Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ
Institucioni Nacional-OPERA DHE BALETI NACIONAL
Бр.-Nr. 02-3088/5
23.08.2024 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 21 став (1), точка 14 од Статутот на Националната установа Национална опера и балет, Управниот одбор на Националната установа Национална опера и балет, на 83-та седница одржана на 23.08.2024 година донесе,

# ОДЛУКА

За изменување и дополнување на Одлуката за изнајмување на сценски простор во рамките на објектот на Национална установа Национална опера и балет бр. 02-2780/9 од 28.10.2021 година

## Член 1

Во Одлуката за изнајмување на сценски простор во објектот на Националната опера и балет бр. 02-2780/9 од 28.10.2021 година, (понатаму Одлуката), во член 3 став (1), алинеа прва се менува и гласи:

- „Голема сцена, од 1000 до 2500 евра“.

## Член 2

По член 5 од Одлуката, се додава нов член 5-а, кој гласи:

„Член 5-а

Просторот опишан во член 2 на оваа одлука, може да се даде на користење без надомест врз основа на одлука на директорот и тоа за: хуманитарни цели, за потреби на студенти од Факултетот за музичка уметност во Скопје и ученици од ДМБУЦ Скопје, за дипломатски претставништва во Републиката, и за даватели на спонзорство за потребите на Националната опера и балет“.

## Член 3

Членот 6 од Одлуката, се менува и гласи:

„Условите под кои просторот од член 2 на оваа одлука, се дава на користење без надомест, согласно членот 5-а, се уредуваат со договор“.

## Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување и истата ќе се објави на огласната табла и на веб страницата на установата.

Претседател на Управен одбор
Александар Трајковски